**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA PËR MBIKËQYRJE TË FINANCIMIT KAPITAL TË SIGURIMIT PENSIONAL
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | 29.05.2023 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj. org. | Број: Numri: | Прилог: Shtojca: | Вредност: Vlera: |
| 03 | 823/1 | / | / |

Кабинет на гувернер

Бр. 02-18634/1

Скопје, 19.5.2023 година

**До**
**Министерството за финансии на Република Северна Македонија**
**Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија**
**Агенцијата за супервизија на осигурувањето**
**Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување**

**Предмет:** Стратегија за спроведување на макропрудентната политика во Република Северна Македонија

Почитувани,

Во прилог на овој допис ви ја доставувам потпишаната верзија на Стратегијата за спроведување на макропрудентната политика во Република Северна Македонија, којашто беше усвоена на третата седница на Комитетот за финансиска стабилност, одржана на 19 април 2023 година.

Со почит,

Шеф на Кабинетот на гувернерот

Мелита Никодиновска

**Народна банка на Република Северна Македонија**
бул. „Кузман Јосифовски-Питу“ бр. 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Телефони: 02 3108 108 (Централа); 02 3121 144; 3125 388
Факс: 02 3108 357 (Централа); 02 3124 054
Е-пошта: governorsoffice@nbrm.gov.mk
**www.nbrm.mk**

**КОМИТЕТ ЗА ФИНАНСИСКА СТАБИЛНОСТ**

**Народна банка**
на Република Северна Македонија

Република Северна Македонија
Министерство за финансии

Комисија за хартии од вредност на Република Северна Македонија
Komisioni i letrave me vlerë i Republikës së Maqedonisë së Veriut
Securities and Exchange Commission of the Republic of North Macedonia

МАПАС

АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ

# СТРАТЕГИЈА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА МАКРОПРУДЕНТНАТА ПОЛИТИКА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**април 2023 година**

Врз основа на член 5 став 1 точка 1 од Законот за финансиска стабилност („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 173/22), Комитетот за финансиска стабилност, на седницата одржана на 19 април 2023 година, ја усвои

## Стратегијата за спроведување на макропрудентната политика во Република Северна Македонија

1. Надлежни органи за спроведување на Стратегијата за спроведување на макропрудентната политика во Република Северна Македонија (во натамошниот текст: макропрудентната стратегија) се: Народната банка на Република Северна Македонија; Министерството за финансии; Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија; Агенцијата за супервизија на осигурување и Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување.

2. Спроведувањето на макропрудентната стратегија надлежните органи го вршат во согласност со Законот за финансиска стабилност и соодветните секторски закони.

3. Комитетот за финансиска стабилност се грижи за спроведувањето на макропрудентната стратегија.

4. Комитетот за финансиска стабилност, по свое видување или на предлог на Поткомитетот за следење на системските ризици и предлагање макропрудентни мерки, периодично ја преоценува макропрудентната стратегија, и може да ја менува и дополнува во зависност од движењата во финансискиот систем, промените во неговата структура, деловниот модел на финансиските институции, нивото на развиеност на финансискиот систем, појавата на нови или намалување на значењето на одредени ризици, како и промените во соодветните меѓународни стандарди.

Гувернер на Народната банка на Република Северна Македонија
д-р Анита Ангеловска-Бежоска

Министер за финансии
dr.Fatmir Besimi

Претседател на Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија
mr. Nora Aliti

Претседател на Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурување
д-р Крсте Шајноски

Претседател на Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување
Максуд Али

## 1. Вовед

**Една од клучните лекции што произлезе од глобалната финансиска и економска криза од 2007-2009 година беше потребата од макропрудентен пристап во анализата и превенирањето на ризиците за финансискиот сектор, што доколку се остварат, може да влијаат врз стабилноста на финансискиот сектор. За таа цел се воспостави макропрудентната политика,** како посебен сет на активности кои што се насочени кон одржувањето на финансиската стабилност. **Макропрудентната политика се фокусира на системските ризици** што се заеднички за финансискиот систем како целина или за негови значајни сегменти и може да настанат независно од ризиците и стабилноста на одделните финансиски институции. **Со макропрудентната политика се преземаат системски мерки насочени кон еден или повеќе сегменти од финансискиот систем, со кои се одржува стабилноста и јакне отпорноста на финансискиот систем во целина.** Ова ја разликува од супервизорските и регулаторните политики, коишто примарно се насочени кон одржувањето на стабилноста и сигурноста на поединечните финансиски институции и затоа уште се познати под називот микропрудентни политики. **Друга важна карактеристика на макропрудентната политика е превентивниот карактер**, односно насоченоста кон навремено идентификување на системските ризици и спречување тие да се наталожат во билансите на финансиските институции, како и навремено јакнење на подготвеноста на финансискиот сектор за справување со шоковите и ублажување на ризиците доколку се случат. **Со тоа се придонесува за одржување на финансиската стабилност, што е основната цел на макропрудентната политика.**

**Во Република Северна Македонија, финансиската стабилност успешно се одржува во целиот изминат период. Ова се должи на индивидуалните заложби на регулаторите на финансискиот систем,** коишто, во рамките на своите надлежности, постојано водат грижа за следење на ризиците и намалување на ранливостите во одделните сегменти на финансискиот систем и јакнење на отпорноста на финансиските институции. **Придонес имаат и активностите што се преземаа на меѓуинституционално ниво насочени кон јакнење на соработката и координирано следење на системските ризици заради одржување на финансиската стабилност.** Заради унапредување на соработката, во 2007 година беше формирано неформално Меѓуинстуционално тело за финансиска стабилност, во кое членуваа сите регулатори на финансискиот систем во земјата, што делат заеднички интерес за одржувањето на финансиската стабилност. Во 2009 година, врз основа на Меморандум за соработка, беше основан првиот Комитет за финансиска стабилност, во којшто членуваа Народната банка и Министерството за финансии, со надлежност да ја следи финансиската стабилност. На почетокот на 2020 година беше склучен нов Меморандум за соработка помеѓу сите регулаторни и супервизорски органи на финансискиот систем во Република Северна Македонија, којшто имаше за цел да придонесе за зајакнување на соработката помеѓу регулаторите во следењето на состојбите во финансискиот систем и натамошно навремено и ефикасно идентификување на системските ризици и преземање на соодветни мерки и активности за спречување и намалување на нивното влијание врз финансискиот систем. Со одредбите од Меморандумот, меѓу другото, се унапреди улогата и се прошири составот на Комитетот за финансиска стабилност во чија работа учествуваа сите регулатори на финансискиот систем и тоа: Народната банка, Министерството за финансии,

Агенцијата за супервизија на осигурувањето, Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување и Комисијата за хартии од вредност, со можност, по потреба да биде повикан и Фондот за осигурување на депозити.

**Со носењето на Законот за финансиска стабилност, во јули 2022 година, се воспостави институционалната рамка за поставеноста на макропрудентната политика во Република Северна Македонија.** Со Законот, правно се врами и се институционализира Комитетот за финансиска стабилност и се доделија надлежности на регулаторите на финансискиот систем. **Со Стратегијата за спроведување на макропрудентната политика во Република Северна Македонија (во натамошниот текст: макропрудентната стратегија) се поставува оперативната рамка за спроведување на макропрудентната политика** од страна на Комитетот за финансиска стабилност и надлежните органи. Во макропрудентната стратегија се определуваат посредните цели на макропрудентната политика и се поврзуваат со основните показатели што се користат за идентификување и следење на системските ризици и соодветните макропрудентни инструменти, се дефинира циклусот на спроведување на макропрудентната политика и носењето на макропрудентните мерки, транспарентноста и начинот на комуникација на мерките со јавноста, како и соработката и координацијата на политиките. Секој надлежен орган може да го доуредува спроведувањето на макропрудентната политика во негова надлежност и да го прилагодува на спецификите на соодветниот сегмент од финансискиот систем, имајќи ги предвид начелата што се предвидени во макропрудентната стратегија. При изработката на макропрудентната стратегијата следени се препораките на Европскиот одбор за системски ризици, а земени се предвид и насоките на ММФ за макропрудентната политика[1] и карактеристиките на домашниот финансиски систем. Макропрудентната стратегија периодично се преоценува, и може да се менува и дополнува во зависност од движењата во финансискиот систем, промените во неговата структура, деловниот модел на финансиските институции, нивото на развиеност на финансискиот систем, појавата на нови или намалување на значењето на одредени ризици, како и промените во соодветните меѓународни стандарди.

## 2. Законска и институционална поставеност на макропрудентната политика во Република Северна Македонија

**Во Република Северна Македонија, мандатот и надлежностите за спроведување на макропрудентната политика се уредени со Законот за финансиска стабилност[2], кој стапи во сила на 9 август 2022 година. Со овој Закон се формира Комитетот за финансиска стабилност, како меѓуинституционално тело одговорно за следење на спроведување на макропрудентната политика во Република Северна Македонија** и за координација на активностите при идентификувањето и следењето на системските ризици во одделните сегменти од финансискиот систем, при преземањето макропрудентни мерки и при подготовката и управувањето со финансиска криза. Целта на Комитетот е да придонесе за постигнување и одржување на финансиската стабилност во земјата. За остварување на својата цел, Комитетот ги врши следниве задачи:

---

[1] IMF Staff Guidance Note on Macroprudential Policy, December 2014.

[2] Службен весник на РСМ бр. 173/22.

- Ја усвојува Стратегијата за спроведување на макропрудентната политика, како и нејзините изменувања и/или дополнувања и се грижи за нејзиното спроведување;
- Ги следи и оценува состојбите во финансискиот систем;
- Дава укажувања и препораки заради спречување или намалување на системските ризици и одржување на финансиската стабилност и го следи нивното спроведување;
- Ги разгледува макропрудентните мерки коишто ги презеле одделните надлежни органи и ги оценува ефектите од овие мерки;
- Дава насоки за работа на поткомитетите и ги разгледува анализите, информациите, предлозите и записниците добиени од поткомитетите;
- Ја оценува потребата од унапредување на суштински законски и подзаконски прописи;
- Ја оценува подготвеноста на надлежните органи и Фондот за осигурување депозити за справување со финансиска криза;
- Ја координира соработката меѓу надлежните органи во услови кога не постои финансиска криза;
- Одлучува за постоење и престанок на финансиска криза;
- Ја координира соработката меѓу надлежните органи и Фондот за осигурување депозити во услови на потенцијална или настаната финансиска криза заради соодветно управување на финансиската криза;
- Соработува со соодветни органи или тела во странство надлежни за водење макропрудентна политика и со меѓународни финансиски организации и
- Врши други активности за остварување на целта и извршување на задачите.

**Во составот на Комитетот членуваат претставници од сите регулатори на финансискиот систем и тоа:** гувернерот на Народната банка, министерот за финансии, претседателот на Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурувањето (АСО), претседателот на Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС), претседателот на Комисијата за хартии од вредност (КХВ), пет претставници од Народната банка именувани од гувернерот и три претставници од Министерството именувани од министерот за финансии. Доколку има потреба, на седниците на Комитетот може да бидат повикани директорот на Фондот за осигурување депозити или други лица кои се стручни во областа којашто е предмет на дискусија на седниците. Со Комитетот претседава гувернерот на Народната банка, а во услови на финансиска криза може да претседава и министерот за финансии доколку така одлучат гувернерот и министерот. Комитетот се состанува најмалку двапати годишно и работи на седници, кои не се јавни. Членови на Комитетот со право на глас се гувернерот, министерот за финансии, претседателот на КХВ, претседателот на Советот на експерти на АСО и претседателот на Советот на експерти на МАПАС. Комитетот одлучува со мнозинство гласови од членовите со право на глас и донесува заклучоци и дава укажувања и препораки во писмена форма. Во зависност од природата, заклучоците може да бидат содржани во записниците од седниците на Комитетот или донесени во форма на посебни акти. На седниците кои се одржуваат во услови на (потенцијална) финансиска криза, одлуките се носат со консензус на гувернерот и министерот. Министерството за финансии има посебна улога во услови на потенцијална финансиска криза, вклучувајќи активности на оцена на макроекономската состојба во земјата, оцена на можноста за користење буџетски средства за справување со финансиската криза, известување на Владата на Република Северна Македонија за оценетата потреба за користење буџетски средства и други.

Слика бр. 1. Институционална поставеност на макропрудентната политика во Република Северна Македонија




**Во рамки на Комитетот функционираат два поткомитета, како помошни тела за поддршка на активностите на Комитетот,** и тоа: Поткомитетот за следење на системските ризици и предлагање макропрудентни мерки и Поткомитетот за подготовка за управување со финансиска криза. Поткомитетите се состануваат најмалку еднаш во три месеци. Во нив членуваат претставници од сите регулатори на финансискиот систем, а во Поткомитетот за подготовка за управување со финансиска криза членува и Фондот за осигурување на депозити. **Поткомитетот за следење на системските ризици и предлагање макропрудентни мерки (во натамошниот текст ПСР)** ги следи ризиците коишто можат да предизвикаат системски ризик; ги разгледува резултатите од стрес тестирањето на отпорноста на сегментите од финансискиот систем на претпоставени шокови; ги анализира макропрудентните мерки планирани или преземени од страна на надлежните органи и за тоа го известува Комитетот, и го следи нивното спроведување и ефектите од нив; ги разгледува извештаите за системски значајните платни системи изработени од Народната банка; дава предлози за препораки или укажувања до Комитетот; разгледува закони и подзаконски акти коишто можат да имаат влијание врз финансиската стабилност или предлозите за нивни измени; ги следи макропрудентните мерки преземени од други земји, особено доколку тие мерки може да имаат влијание во земјата; дава предлози до Комитетот за менување или дополнување на показателите за системските ризици определени од надлежните органи и макропрудентните инструменти содржани во макропрудентната стратегија, дава предлози за менување на макропрудентната стратегија и врши други задачи добиени од Комитетот заради остварување на целите и задачите на Комитетот. **Поткомитетот за подготовка за управување со финансиска криза** ги разгледува законите и подзаконските акти коишто се применливи во услови на финансиска криза и дава мислење за потребата за нивно менување и дополнување; подготвува вежби за управување со финансиска криза и ги координира активностите на институциите вклучени во вежбата; ги разгледува процедурите на одделните надлежни органи и Фондот за осигурување депозити за постапување во случај на финансиска криза; подготовува процедури за координација на активностите на одделните надлежни органи и Фондот за осигурување депозити во случај на финансиска криза и други задачи добиени од Комитетот заради остварување на целите и задачите на Комитетот.

Комитетот ја известува јавноста за одржаните седници, освен ако оцени дека известувањето може негативно да влијае на довербата на јавноста во финансискиот систем или врз финансиската стабилност. Гувернерот на Народната банка (односно министерот за финансии во услови на финансиска криза, доколку така одлучат гувернерот и министерот) е одговорен за управување со процесот на комуникација со јавноста и за меѓусебната координација на надлежните органи и Фондот за осигурување депозити во врска со комуникацијата со јавноста. Во услови на финансиска криза, гувернерот и министерот за финансии даваат заеднички соопштенија до јавноста. Законот за финансиска стабилност ги пропишува активностите во случај на финансиска криза, овластувајќи го Комитетот да одлучува за мерките и активностите што треба да се преземат заради управување со финансиската криза.

## 3. Дефиниција, опфат и цели на макропрудентната политика во Република Северна Македонија

**Макропрудентната политика** претставува збир на активности со кои се придонесува за постигнувањето и одржувањето на финансиската стабилност. Фокусот на интерес на макропрудентната политика е финансискиот систем како целина, но и врските со реалната економија. Макропрудентната политика вклучува активности за следење и оцена на системскиот ризик, преземање макропрудентни мерки за спречување или намалување на системскиот ризик и јакнење на отпорноста на финансиските институции и со тоа одржување на финансиската стабилност. **Финансиската стабилност** претставува состојба во која сите сегменти на финансискиот систем функционираат без нарушувања и имаат капацитет да издржат потенцијални шокови. Финансиската стабилност подразбира дека финансискиот систем е здрав и стабилен во сите негови сегменти, дека е способен сигурно и ефикасно да ги извршува плаќањата и да обезбедува непречено финансиско посредување со нефинансискиот сектор, а притоа има прудентен пристап кон оценката и управувањето со ризиците и добра подготвеност за справување со шоковите.

**Основната цел на макропрудентната политика** на Република Северна Македонија, утврдена со Закон, е да придонесува за постигнување и одржување на стабилноста на финансискиот систем во целина преку спречување и намалување на кумулирањето на системскиот ризик, зајакнување на отпорноста на системот и обезбедување одржлив придонес на финансискиот систем за економскиот раст. Остварувањето на основната цел се постигнува **преку посредните цели** на макропрудентната политика со употреба на расположливите макропрудентни инструменти кои што се насочени кон системскиот ризик. Макропрудентната политика и нејзините инструменти и мерки, не може во целост да го елиминираат системскиот ризик, но делуваат превентивно во однос на прекумерното кумулирање на ризиците и ја намалуваат веројатноста за остварување на тие ризици. **Системскиот ризик** претставува ризик од нарушувања во финансискиот систем коишто може да предизвикаат сериозни негативни последици за финансискиот систем и целата економија. Системскиот ризик може да се јави во две димензии: циклична и структурна димензија. **Цикличната димензија на системскиот ризик** се поврзува со процикличноста на финансиските институции, односно склоноста да преземаат повисоки ризици кога економијата е во експанзија и да ја зголемат одбивноста кон ризици штом настапи рецесија. Таложењето и материјализацијата на ризикот се одвива низ времето,

што ја претставува временската димензија на системскиот ризик. Цикличната димензија на системскиот ризик ги вклучува ризиците поврзани со прекумерен кредитен раст, ризици поврзани со растот на цените на недвижностите и на финансиската актива, растот на задолженоста, рочната неусогласеност во билансите на финансиските институции и други. Таложењето на овие ризици вообичаено се јавува во услови на раст на економијата и зголемен отпимизам, што може да доведе до нерамнотежи и материјализација на ризиците кај финансиските институции по свртувањето на фазата на финансискиот циклус. Оттука, важно е во „добрите времиња" финансиските институции да ги јакнат капацитетите за апсорбирање на шоковите што ќе им обезбеди подобра подготвеност за справување и поголема отпорност во кризните времиња. Управувањето со цикличната димензија на системскиот ризик подразбира воспоставување соодветни заштитни механизми што ќе делуваат противциклично, спречувајќи појава и натрупување на системскиот ризик. **Структурната димензија на системскиот ризик** се однесува на распределбата на ризиците внатре во рамки на финансискиот сектор. Развојот и материјализацијата на оваа димензија на ризикот се одвива во даден временски момент вклучувајќи различни сегменти од финансискиот сектор, што ја претставува меѓусекторската димензија на системскиот ризик. Структурниот системски ризик се врзува со постоењето на системски значајни финансиски институции, коишто се големи и/или меѓусебно/меѓусекторски поврзани, со што шоковите врз една или неколку финансиски институции може да ја загрозат стабилноста на целиот финансиски сектор. Структурниот системски ризик се материјализира и преку меѓусебните изложености на финансиските институции, директни или индиректни. Притоа, за негово спречување е неопходно да се намали концентрацијата на ризици, да се попречат механизмите на зараза и пренос на шокови и да се зајакне отпорноста на системски значајните финансиски институции.

Макропрудентната политика на Република Северна Македонија е насочена кон следење и спречување/намалување на двете димензии на системскиот ризик.

Со оглед на сложената природа на системскиот ризик, за остварување на основната цел на макропрудентната политика, Комитетот за финансиска стабилност утврдува посредни цели на макропрудентната политика. Во согласност со препораките на Европскиот одбор за системски ризици и структурата и карактеристиките на домашниот финансиски сектор, **посредните цели на макропрудентната политика на Република Северна Македонија се следниве**:

1) **Спречување и намалување на системскиот ризик од прекумерен кредитен раст и прекумерна задолженост.** Прекумерниот кредитен раст, особено кога е проследен и со растечка задолженост на должниците, претставува еден од основните причинители на финансиски нерамнотежи;

2) **Спречување и намалување на ризиците од прекумерна рочна неусогласеност во билансите на финансиските институции и изложеноста на ликвидносен ризик.** Значајното потпирање на краткорочни и нестабилни извори на финансирање може да предизвика ликвидносни проблеми кај финансиските институции и прелевање на ризиците во рамки на системот при шокови и промена на фазата на финансискиот циклус;

3) **Спречување и намалување на ризикот од концентрација на изложености, директна и индиректна.** Присуството на висока концентрација на изложеностите ја зголемува чувствителноста на финансискиот систем на одреден шок. Каналите на пренос на шоковите може да бидат директни, преку изложеностите во билансите на финансиските институции или индиректни, преку итни продажби на средства и прелевање на ризиците во системот;

4) **Спречување и намалување на ризикот од несоодветно однесување и морален хазард**. Оваа посредна цел е насочена кон намалување на ризиците поврзани со системски значајните финансиски институции и кон зголемување на нивната отпорност на шокови.

5) **Зајакнување на отпорноста на финансискиот систем**. Оваа посредна цел е насочена кон јакнење на отпорноста на финансискиот систем и на неговите одделни сегменти на шокови што се постигнува преку градење на заштитните слоеви на капиталот и воопшто подобрување на солвентноста на финансискиот систем. Со тоа се подобрува подготвеноста на финансиските институции за справување со ризиците и апсорбирање на евентуалните загуби, без да им се загрози стабилноста и способноста за кредитирање на приватниот сектор. За отпорен финансиски систем важно е да постои и отпорност на корисниците на финансиските услуги, што подразбира одржување на прудентно ниво на задолженост и соодветен капацитет за намирување на обврските.

6) **Зајакнување на отпорноста на инфраструктурата на финансиските пазари**. Оваа посредна цел главно е насочена кон намалување на кредитниот, ликвидносниот и оперативниот ризик кај платните системи и системите за порамнување на хартии од вредност.

7) **Намалување на стапката на евроизација.** Високото ниво на евроизација во билансите на финансиските институции ја зголемува изложеноста на валутниот ризик кај клиентите на банките и на валутно индуцираниот кредитен ризик кај банките.

Посредните цели на макропрудентната политика се заеднички за сите надлежни органи. При спроведувањето на макропрудентната политика, надлежниот орган ги следи посредните цели што се применливи за сегментот од финансискиот систем во негова надлежност. Комитетот за финансиска стабилност периодично ги преоценува посредните цели на макропрудентната политика, и може да ги менува и дополнува во согласност со движењата во финансискиот систем, промените во неговата структура, деловниот модел на финансиските институции, нивото на развиеност на финансискиот систем, појавата на нови или намалување на значењето на одредени ризици, како и промените во соодветните меѓународни (ЕУ) стандарди.

## 4. Спроведување на макропрудентната плитика

**Надлежни органи за спроведување на макропрудентната политика во Република Северна Македонија се регулаторите на финансискиот систем, и тоа:** Народната банка на Република Северна Македонија, Министерството за финансии, Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија, Агенцијата за супервизија на осигурување и Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување Законот за финансиска стабилност предвидува повеќе активности за секој од надлежните органи со кои тие придонесуваат за остварувањето на основната цел на макропрудентната политика, односно за одржувањето на финансиската стабилност, како што се: следење на показателите за системскиот ризик за сегментот на финансискиот систем во негова надлежност, идентификување на ризиците коишто би можеле да се прошират од сегментот на финансискиот систем во негова надлежност и/или да доведат до појава на системски ризик, определување на макропрудентните инструменти и преземање макропрудентни мерки согласно со Законот за финансиска стабилност и секторските закони, придонес при изработката на макропрудентната стратегија и при нејзиното спроведување за сегментот на финансискиот систем во негова надлежност и други. Дополнително, Законот предвидува водечка улога на Народната банка, како во поглед на изработката на макропрудентната стратегија и претседавањето со Комитетот и поткомитетите, така и во однос на идентификувањето и следењето на системските ризици во целокупниот финансиски систем и изработката на годишен извештај за финансиската стабилност. При спроведувањето на макропрудентната политика, надлежните органи постапуваат во рамките на своите надлежности утврдени со секторските закони и со Законот за финансиска стабилност.

**Спроведувањето на макропрудентната политика се одвива во неколку чекори што го сочинуваат циклусот на макропрудентната политика**, и тоа:

1) **Идентификување и оцена на ризиците**, што подразбира следење и анализа на соодветните показатели за системскиот ризик и навремено откривање на можните ранливости во сегментите од финансискиот систем поврзани со посредните цели на макропрудентната политика;

2) **Избор на макропрудентни инструменти** и дефинирање на нивните карактеристики и цели;

3) **Преземање макропрудентни мерки**, што подразбира носење одлуки во однос на висината на определените макропрудентни инструменти, но и други мерки и инструменти кои се потребни заради спречување, намалување или отстранување на системските ризици;

4) **Оцена на ефектите од преземените макропрудентни мерки**, што вклучува оцена на влијанието и ефектите од донесените макропрудентни мерки, оцена на нивниот придонес кон остварувањето на посредните цели на макропрудентната политика и оцена на потребата од промени/укинување на макропрудентните мерки.

**Идентификување и оцена на ризиците**. Надлежните органи на редовна основа ги следат движењата во финансискиот сектор во нивна надлежност и вршат оцена на изложеноста на ризиците и отпорноста на шокови. Следењето и оцената на ризиците,

надлежните органи го вршат според воспоставени показатели за системскиот ризик, со помош на развиени алатки и модели, сè со цел за рано откривање на ранливостите и идентификување на ризиците коишто би можеле да се прошират од сегментот на финансискиот систем во нивна надлежност и/или да доведат до појава на системски ризик. Во Табела 1 е даден индикативен преглед на избрани основни показатели за следење и оценка на системскиот ризик. Секој надлежен орган детално ги разработува и прилагодува показателите за финансискиот сегмент во негова надлежност и го објавува прегледот на показателите на сопствената интернет страница. Еднаш објавените показатели, надлежните органи можат, по сопствена оцена или на предлог на Комитетот, да ги менуваат и/или дополнуваат во зависност од движењата во финансискиот сегмент во нивна надлежност, општите макроекономски движења, целокупните состојби во финансискиот систем и потребите на макропрудентната политика. При следењето на системските ризици, надлежните органи земаат предвид и показатели за општите макроекономски движења во земјата и во светот што може да влијаат врз работењето на финансискиот систем и особено врз сегментот во нивна надлежност. Надлежните органи може да користат дополнителни алатки и методи за оценка на системскиот ризик, а во зависност од спецификите на сегментот од финансискиот систем што е во нивна надлежност. Една од позначајните алатки се стрес-тестовите со кои се оценува отпорноста на финансиските институции на шокови, односно способноста за покривање на загуби што произлегуваат од материјализацијата на крајно екстремни, но сепак веројатни шокови што потекнуваат од макроекономското окружување или финансискиот систем. Стрес-тестирањето може да се врши со користење на различни методи, како што се стрес-тестови на сензитивност, сценарио анализи, стрес-тестови во обратна насока и други методи што се соодветни за конкретниот финансиски сегмент. Заради оценка на структурната димензија на системскиот ризик, доколку таа е релевантна за соодветниот финансиски сегмент, надлежните органи спроведуваат анализи на поврзаност и анализи на пренос на зараза во финансискиот систем.

Табела 1

Индикативен преглед на избрани показатели за следење и оценка на системскиот ризик

| Посредна цел на макропрудентната политика | Показател |
|---|---|
| Спречување и намалување на системскиот ризик од прекумерен кредитен раст и прекумерна задолженост | Показатели за обемот и динамиката на финансиското посредување<br>Показатели за квалитетот на активата на финансиските институции<br>Показатели за нивото на солвентност и капитализираност на финансиските институции<br>Показатели за нивото на задолженост на финансиските институции<br>Показатели за квалитетот на кредитната побарувачка (ДСТИ, ЛТВ, ТДТИ)<br>Показатели за задолженоста на корпоративниот сектор и на секторот "домаќинства"<br>Показатели за движењата на пазарот на недвижности<br>Показатели за профитабилноста на финансиските институции<br>Показатели за промени во цените на финансиските услуги (каматни стапки, провизии и слично)<br>Други показатели што се специфични за соодветниот сегмент од финансискиот систем |
| Спречување и намалување на ризиците од прекумерна рочна неусогласеност во билансите на финансиските институции и изложеноста на ликвидносен ризик | Показатели за структурата на изворите на финансирање на финансиските иснтитуции<br>Показатели за ликвидноста на финансиските институции<br>Показатели за рочна структура на средствата и обврските<br>Показатели за изложеноста на пазарен ризик<br>Показатели за движењата на финансиските пазари<br>Други показатели што се специфични за соодветниот сегмент од финансискиот систем |
| Спречување и намалување на ризикот од концентрација на изложености, директна и индиректна | Показатели за секторската структура на вкупните побарувања<br>Показатели за големи изложености<br>Показатели за меѓусекторската изложеност на финансиските институции<br>Показатели за географската изложеност на финансиските институции<br>Други показатели што се специфични за соодветниот сегмент од финансискиот систем |
| Спречување и намалување на склоноста за непримерно поведение и морален хазард | Показатели за релативната големина на финансиските институции, мерена преку учеството на активата во БДП и други показатели<br>Показатели за нивото на концентрација во финансискиот систем<br>Показатели за меѓусекторската поврзаност<br>Други показатели што се специфични за соодветниот сегмент од финансискиот систем |
| Зајакнување на отпорноста на финансискиот систем | Показатели за нивото на солвентност и капитализираност на финансиските институции<br>Показатели за квалитетот на активата на финансиските институции<br>Показатели за профитабилноста на финансиските институции<br>Показатели за квалитетот на кредитната побарувачка (ДСТИ, ЛТВ, ТДТИ)<br>Други показатели што се специфични за соодветниот сегмент од финансискиот систем |
| Зајакнување на отпорноста на инфраструктурата на финансиските пазари | Показатели за отпорноста на инфраструктурата на финансиските пазари на кредитен, ликвидносен и оперативен ризик<br>Други показатели што се специфични за соодветниот сегмент од финансискиот систем |
| Намалување на стапката на евроизација | Показатели за учеството на побарувањата со валутна компонента во вкупните побарувања на финансиските институции<br>Показатели за учеството на обврските со валутна компонента во вкупните обврски на финансиските институции<br>Показатели за изложеноста на валутен ризик<br>Други показатели што се специфични за соодветниот сегмент од финансискиот систем |

Во процесот на оценка на системскиот ризик, надлежните органи може да користат дополнителни анализи и извештаи, што ги подготвуваат за интерни потреби. Исто така,

може да спроведуваат повремени и редовни анкетни истражувања заради прибирање на дополнителни информации за активностите и ризиците во работењето на финансиските институции. Користењето на различни извори на информации е важно за поинформирано следење на ризиците и оценка на потребата од преземање на макропрудентни мерки. Надлежните органи ја информираат јавноста за состојбите и ризиците во финансискиот сегмент во нивна надлежност преку редовни извештаи и/или други видови на публикации што ги објавуваат на сопствените интернет страници. Народната банка изработува и објавува годишен извештај за финансиската стабилност кој ги анализира состојбите во севкупниот финансиски сектор, вклучително и ризиците што може да ја нарушат финансиската стабилност. Надлежните органи постојано ја унапредуваат рамката за следење и оценка на системскиот ризик, ги унапредуваат постојните и развиваат нови алатки и модели, со што придонесуваат за поефикасно идентификување на системскиот ризик и спречување на неговото влијание врз финансискиот сектор. Доколку надлежниот орган идентификува постоење и/или кумулирање на ризиците во сегментот кој е во негова надлежност, го известува ПСР на првата наредна седница или иницира одржување вонредна седница на Поткомитетот.

**Избор на макропрудентни инструменти и дефинирање на нивните карактеристики и цели.** Секој надлежен орган дефинира макропрудентни инструменти за финансискиот сегмент во негова надлежност. При дефинирањето на макропрудентните инструменти, надлежните органи водат сметка со избраните макропрудентни инструменти да бидат опфатени најважните аспекти на макропрудентната политика, како што се: изворите и природата на системскиот ризик за чиешто спречување/намалување се користат макропрудентните инструменти, односно посредните цели што се цели да се постигнат со макропрудентните инструменти; намената на макропрудентните инструменти, односно дали нивната цел е јакнење на отпорноста на финансиските институции или ублажување на фазите на финансискиот циклус; како и за економските, регулаторните и меѓусекторските ефекти на макропрудентните инструменти. При утврдувањето на макропрудентните инструменти, надлежните органи се водат од принципите на ефективност и ефикасност на макропрудентните инструменти. **Ефективноста** се однесува на можноста со користењето на одреден макропрудентен инструмент да се влијае за спречување и намалување на системскиот ризик и оствари посредната и крајната цел на макропрудентната политика. Макропрудентниот инструмент се смета за ефективен доколку е во силна спрега со посредната цел на макропрудентната политика и остварува брзо и успешно влијание во насока на намалување и спречување на ризиците. **Ефикасноста** се однесува на можноста со макропрудентниот инструмент да се влијае за спречување и намалување на системскиот ризик и оствари посредната и крајната цел на макропрудентната политика со минимални трошоци и ограничени несакани ефекти. Макропрудентниот инструмент се смета за ефикасен и ако е усогласен со останатите мерки и инструменти на макропрудентната политика, но и со целите на монетарната, макроекономската и финансиската политика, и не предизвикува прекумерен административен товар за засегнатите страни. Во таа насока, важна е **координацијата** помеѓу надлежните органи, коишто треба да ги дефинираат макропрудентните инструменти на конзистентен начин, односно да избегнуваат користење на макропрудентни инструменти што може да бидат спротивни или да го намалат влијанието на макропрудентните инструменти на останатите надлежни органи или да предизвикаат пренесување на ризиците од еден во друг сегмент на финансискиот систем. Системските ризици имаат сложена природа и за справувањето со нив, понекогаш, може да е неопходно

макропрудентно регулирање во повеќе финансиски сегменти, што повторно упатува на потребата од конзистентна поставеност на макропрудентните инструменти и координација помеѓу надлежните органи. Уште еден важен принцип е **јасноста и транспарентноста** на макропрудентните инструменти, што подразбира тие да бидат поставени на јасен и разбирлив начин, што ќе овозможи нивно непречено спроведување од страна на засегнатите финансиски институции и јасно разбирање на целите и причините поради кои се преземаат макропрудентните мерки. При дефинирањето на макропрудентните инструменти, надлежните органи ги следат препораките на Европскиот одбор за системски ризици и меѓународните стандарди, но може да ги приспособуваат на карактеристиките на домашниот финансиски сектор и домашната регулатива, како и да развиваат и воведуваат сопствени макропрудентни инструменти за спречување/намалување на системските ризици коишто се специфични за домашниот финансиски сектор.

За спроведувањето на макропрудентната политика, надлежните органи ги користат најмалку следните макропрудентни инструменти:

- Заштитните слоеви на капиталот;
- Лимитите на изложеност;
- Управувањето со ризиците;
- Задолженоста (на финансиските институции или на кредитокорисниците);
- Системски значајните финансиски институции;
- Ризикот од концентрација на изложености;
- Други инструменти за зголемување на отпорноста на финансиски шокови и за спречување на нарушувања во сегментите од финансискиот систем.

Во Табела 2 е даден индикативен преглед на избрани можни макропрудентни инструменти, групирани според посредните цели на макропрудентната политика, односно ризиците што се цели да се спречат/намалат преку преземањето на макропрудентни мерки. Тргнувајќи од индикативниот преглед, секој надлежен орган ги дефинира макропрудентните инструменти за финансискиот сегмент во негова надлежност и објавува информации на сопствената интернет страница. Надлежните органи може да ги менуваат и прилагодуваат и воведуваат нови макропрудентни инструменти во зависност од движењата во финансискиот сегмент во нивна надлежност, општите макроекономски движења, целокупните состојби во финансискиот систем, промените во меѓународните стандарди и потребите на макропрудентната политика. Надлежните органи може да пропишуваат и други макропрудентни инструменти, различни од дадените во Табела 2, доколку се оценат како соодветни за спречување на утврдениот системски ризик и одржувањето на финансиската стабилност.

Табела 2
Индикативен преглед на можните макропрудентни инструменти

| Посредна цел на макропрудентната политика | Макропрудентен инструмент |
|---|---|
| Спречување и намалување на системскиот ризик од прекумерен кредитен раст и прекумерна задолженост | Противцикличен заштитен слој на капиталот<br>Макропрудентни капитални барања за изложености кон одредени сектори или финансиски средства<br>Макропрудентно регулирање на показателите за квалитетот на кредитната побарувачка<br>Макропрудентно регулирање на показателите за изложеноста на кредитен ризик<br>Макропрудентно регулирање на стапката на задолженост на финансиските институции<br>Други макропрудентни инструменти што се специфични за соодветниот сегмент на финансискиот систем |
| Спречување и намалување на ризиците од прекумерна рочна неусогласеност во билансите на финансиските институции и изложеноста на ликвидносен ризик | Макропрудентно регулирање на изложеноста на ликвидносен ризик<br>Макропрудентно ограничување на изворите на финансирање на финансиските институции<br>Макропрудентно ограничување на помалку стабилните извори на финансирање на финансиските институции<br>Други макропрудентни инструменти што се специфични за соодветниот сегмент на финансискиот систем |
| Спречување и намалување на ризикот од концентрација на изложености, директна и индиректна | Макропрудентни лимити за големи изложености<br>Други макропрудентни инструменти што се специфични за соодветниот сегмент на финансискиот систем |
| Спречување и намалување на склоноста за непримерно поведение и морален хазард | Заштитен слој на капиталот за системски значајни финансиски институции<br>Други макропрудентни инструменти што се специфични за соодветниот сегмент на финансискиот систем |
| Зајакнување на отпорноста на финансискиот систем | Противцикличен заштитен слој на капиталот<br>Системски заштитен слој на капиталот<br>Макропрудентни капитални барања за изложености кон одредени сектори или финансиски средства<br>Макропрудентно регулирање на показателите за квалитетот на кредитната побарувачка<br>Други макропрудентни инструменти што се специфични за соодветниот сегмент на финансискиот систем |
| Зајакнување на отпорноста на инфраструктурата на финансиските пазари | Макропрудентно регулирање на изложеноста на кредитниот, ликвидносниот и оперативниот ризик<br>Системски заштитен слој на капиталот<br>Други макропрудентни инструменти што се специфични за соодветниот сегмент на финансискиот систем |
| Намалување на стапката на евроизација | Макропрудентно прилагодување на инструментот задолжителна резерва<br>Макропрудентно регулирање на побарувањата и обврските со валутна компоненнта<br>Други макропрудентни инструменти што се специфични за соодветниот сегмент на финансискиот систем |

**Преземање макропрудентни мерки.** Надлежните органи преземаат макропрудентни мерки во рамките на своите надлежности, согласно со закон. Макропрудентни мерки се преземаат во однос на висината на макропрудентните инструменти заради спречување, намалување или отстранување на системските ризици во одделните сегменти од финансискиот систем или во финансискиот систем во целина. Макропрудентните мерки се однесуваат на макропрудентните инструменти што надлежниот орган ги дефинирал за сегментот од финансискиот систем во негова надлежност.

Мерките содржани во секторските закони коишто се предвидени за да се преземаат кон поединечните финансиски институции (супервизорските мерки), може да се користат и за остварување на посредните, и крајната цел на макропрудентната политика, во согласност со Законот за финансиска стабилност.

Одлуките за макропрудентните мерки, надлежните органи ги засноваат на длабински анализи за оценка на системскиот ризик, што вклучуваат анализа на показателите за следење и оценка на системскиот ризик и други информации и показатели, како што се резултатите од стрес-тестови, системи за рано предупредување, пропишани методологии за активирање на одредени макропрудентни инструменти и слично, вклучително и експертска оценка што ги зема предвид сите расположливи информации, вклучувајќи и информации од поширокото макроекономско окружување во кое работи финансискиот систем. Експертската оценка може да биде особено важна во случаите кога показателите и алатките даваат нејасни и/или спротивставени информации за нивото и кумулирањето на системскиот ризик. Ваквиот систем на комбиниран пристап во одлучувањето со користење на квантитативни показатели и експертска оценка соодветствува со принципите на т.н. "управувана дискреција" (англ. guided discretion), што е во согласност со препораките на релевантните меѓународни институции[3]. Експертската оценка се препорачува и од причина што макропрудентната политика претставува релативно понов пристап, чиишто аналитички основи сè уште се развиваат со што и поставените квантитативни показатели, може не секогаш најверодостојно да го отсликуваат нивото на системски ризик во системот. Понатаму, финансискиот систем е динамичка категорија што со текот на времето се менува и развива, вклучително и под влијание на иновациите. Ова наметнува потреба од користење на експертска оценка за откривање и следење на новите и променливи видови на ризици.

Макропрудентните мерки по својата природа, во основа, се превентивни мерки. При преземањето на макропрудентните мерки, надлежните органи настојуваат да ги пресретнат ризиците и спречат нивно таложење во билансите на финансиските институции и зајакнат отпорноста на системот за справување со шокови. Покрај навременото преземање, исто така важно е и навременото олеснување на макропрудентните мерки, преку нивно ублажување или целосно укинување, доколку е тоа потребно за да се одржи финансиската стабилност и обезбеди одржлив придонес на финансискиот систем за економскиот раст, што е во основните цели на макропрудентната политика. Надлежните органи може да одлучуваат за олеснување на макропрудентните мерки кога тие ќе ја исполнат својата цел, односно ќе придонесат да се намалат или отстранат системските ризици заради коишто биле воведени. Кај некои макропрудентни мерки може да има потреба од олеснување и во услови кога е отпочнато остварување на системскиот ризик за да се спречи ризиците да се

---

[3] The ESRB handbook on operationalising macroprudential policy in the banking sector.
IMF Staff Guidance Note on Macroprudential Policy, December 2014.

продлабочат или прелеат внатре помеѓу различните сегменти од финансискиот систем и врз економската активност. Ова особено се однесува на заштитните слоеви на капиталот, во чијашто основа е да бидат изградени во "добри времиња" и ослободени кога ризиците почнуваат да се остваруваат. Со тоа се придонесува финансиските институции полесно да ги апсорбираат загубите и да ја одржат кредитната активност, што доколку не се случи може да ги зголеми ризиците за финансискиот сектор преку негативните повратни врски што постојат помеѓу финансискиот и реалниот сектор. Процесот на носење одлуки во вакви услови може да биде посложен и да бара дополнителни анализи со користење на различни показатели од показателите што се користеле при воведувањето на макропрудентните мерки. Ова произлегува од различната сигнализирачка моќ на показателите во различни фази од финансискиот циклус. Така, истите показатели што се ефикасни за рано идентификување на нагорната фаза на финансискиот циклус и отпочнатото таложење на ранливости, може да имаат многу послаба предвидувачка моќ кога станува збор за оценка на свртувањето на циклусот што може да доведе до остварување на системскиот ризик. За рано идентификување на фазата на отпочнато остварување на системскиот ризик, ММФ препорачува[4] првенствено да се користат пазарни податоци и следат движењата и промените на клучните показатели, наместо на нивните состојби. Примери за ранопредупредувачки показатели што може да се користат при оценката на потребата од олеснување на макропрудентните мерки, пред сѐ на заштитните слоеви на капиталот, се[5]: раст на индексите за променливост на пазарите на акции и обврзници, проширување на каматните распони, нагло забавување на кредитната активност, отпочнато зголемување на нефункционалните кредити и други показатели што упатуваат дека повисоките капитални барања почнуваат да делуваат ограничувачки за кредитната активност. Притоа, важно е да постои повнимателно следење на состојбите и критичка анализа на показателите, со вклучување на експертска оценка што го зема предвид севкупниот макроекономски контекст, особено ако постои висока неизвесност и нејасни сигнали од клучните показатели.

При носењето одлуки за олеснување на макропрудентните мерки, надлежните органи ја имаат предвид намената на макропрудентните мерки и природата на системскиот ризик. Така на пример, мерките што се преземаат заради јакнење на отпорноста на финансискиот систем на циклични ризици, како што е на пример противцикличниот заштитен слој на капиталот, вообичаено се предмет на почеста преоценка и промени во двете насоки, за разлика од мерките што се насочени кон структурните ризици, што опстојуваат во подолг временски период, како што е на пример системскиот заштитен слој на капиталот. Исто така, надлежните органи водат грижа за нивото на вкупната солвентност на финансиските институции, којашто и натаму треба да продолжи да се одржува на прудентно ниво што ќе продолжи да обезбедува стабилност и отпорност на финансискиот систем на шокови.

Надлежните органи се самостојни во преземањето макропрудентни мерки. Сепак, секој надлежен орган е должен, во рок од пет дена по преземањето, изменувањето или укинувањето на макропрудентната мерка, да го информира ПСР, кој што доставува информација со мислење до Комитетот. Надлежниот орган нема обврска, но има можност, да го извести ПСР и однапред, за намерата да преземе, измени или укине одредена

---

[4]IMF Staff Guidance Note on Macroprudential Policy, December 2014.

[5]IMF Staff Guidance Note on Macroprudential Policy, December 2014.

макропрудентна мерка, кој потоа доставува информација и мислење во однос на мерката, до Комитетот.

Комитетот за финансиска стабилност ги разгледува макропрудентните мерки коишто ги презеле одделните надлежни органи и ги следи и оценува ефектите од овие мерки. Комитетот донесува заклучоци и може да дава укажувања и препораки до надлежните органи, заедно со образложение на причините поради кои ги изрекува. Со „укажувањето" Комитетот дава оцена за потребата одредени активности или движења во финансискиот систем, во одделните сегменти од финансискиот систем или во една или повеќе финансиски институции да се следат со поголемо внимание бидејќи може да претставуваат потенцијален извор на системски ризик. Со „препораката" се идентификува потребата за воспоставување, преземање, измена или укинување макропрудентни мерки и/или инструменти коишто се во надлежност на одреден надлежен орган, заради спречување или намалување на идентификуваниот системски ризик. При давањето препорака, Комитетот определува рокови за нејзиното исполнување, а може да наведе и конкретни мерки и инструменти за нејзината примена. Комитетот го следи постапувањето по дадената препорака, а исто така може да наведе и рокови во кои надлежниот орган треба да го известува за постапувањето и за ефектите од примената на препораката. Комитетот ги дава укажувањата и препораките според своја оцена или на предлог на ПСР.

Исто така, Комитетот може да им даде укажување и на државни институции и органи во Република Северна Македонија, доколку активностите на тие државни институции и/или случувањата во сегментите коишто се под нивна надлежност, можат да претставуваат потенцијален извор на системски ризик и да влијаат врз финансиската стабилност. Препорака може да биде дадена и во однос на потребата за промени на прописите.

Комитетот може да одлучи да ја извести јавноста за изречената препорака, освен доколку оцени дека известувањето може негативно да влијае врз довербата на јавноста во финансискиот систем или врз финансиската стабилност.

**Оцената на ефектите од преземените макропрудентни мерки** е еден од најважните чекори во циклусот на макропрудентната политика, бидејќи обезбедува информации за ефективноста и ефикасноста на макропрудентните мерки и успешноста во остварувањето на посредните и на основната цел на макропрудентната политика. Сите надлежни органи постојано ги анализираат и ги следат ефектите од донесените макропрудентни мерки во своја надлежност и одговорот и начинот на приспособување на засегнатите финансиски институции. Како што е претходно наведено, и Комитетот за финансиска стабилност ги разгледува макропрудентните мерки коишто ги презеле одделните надлежни органи и ги оценува ефектите од овие мерки. Комитетот за финансиска стабилност ја следи и оценува можноста од појава на ризици од заобиколување на макропрудентните мерки и/или евентуално прелевање на ризиците во рамки на финансискиот сектор заради преземени мерки во еден негов сегмент. Доколку оцени, Комитетот може да даде препораки за носење дополнителни мерки, и во другите сегменти на финансискиот систем, со кои ќе се зајакне делувањето на веќе преземените макропрудентни мерки и спречи прелевање на ризиците. Информациите добиени од фазата на оцека на ефектите од преземените макропрудентни мерки може да се користат за подобрување на аналитичките алатки за следење на системскиот ризик, унапредување на поставеноста на макропрудентните инструменти, подобрување на ефикасноста во одлучувањето, и сл., што сè заедно придонесува за

успешно остварување на основната цел на макропрудентната политика, а тоа е одржувањето на финансиската стабилност.

## 7. Транспарентност и комуникација

**Надлежните органи обезбедуваат транспарентност во спроведувањето на макропрудентната политика.** Транспарентноста се обезбедува преку навремено и редовно информирање на јавноста за активностите на макропрудентната политика. Надлежните органи, на својата интернет страница објавуваат информации за поставеноста и спроведувањето на макропрудентната политика во финансискиот сегмент во нивна надлежност. Овие информации се однесуваат најмалку на показателите за следење и оцена на системскиот ризик, дефинираните макропрудентни инструменти и преземените макропрудентни мерки. Одлуките за преземените макропрудентни мерки се објавуваат преку соопштенија за јавност и/или други средства за комуникација, освен во случаите кога јавното објавување на донесените мерки може негативно да влијае врз одржувањето на финансиската стабилност или доколку станува збор за доверливи информации. Надлежните органи може да користат различни алатки за односи со јавноста и комуникација на макропрудентната политика, како што се редовни и повремени извештаи во врска со состојбите во сегментот од финансискиот систем во нивна надлежност и преземените макропрудентни мерки, анализи, презентации, соопштенија, конференции за медиуми, изјави и интервјуа и слично.

**Транспарентноста на Комитетот за финансиска стабилност** се обезбедува со следниве одредби и активности предвидени со Законот за финансиска стабилност:

- Комитетот ја известува јавноста за одржаните седници, освен ако оцени дека известувањето може негативно да влијае на довербата на јавноста во финансискиот систем или врз финансиската стабилност
- Комитетот може да ја извести јавноста за изречената препорака, освен доколку оцени дека известувањето може негативно да влијае на довербата на јавноста во финансискиот систем или врз финансиската стабилност.

Во услови на финансиска криза, претседавачот на Комитетот (гувернерот на Народната банка, а во услови на финансиска криза може да претседава и министерот за финансии доколку така одлучат гувернерот и министерот), е одговорен за управување со процесот на комуникација со јавноста и за меѓусебната координација на надлежните органи и Фондот за осигурување депозити во врска со комуникацијата со јавноста. Исто така, во услови на финансиска криза, гувернерот и министерот за финансии даваат заеднички соопштенија до јавноста.

Комитетот, најдоцна до 31 март во тековната година поднесува до Собранието на Република Северна Македонија извештај за своето работење во претходната година.

## 8. Соработка и координација на политиките

**Макропрудентната политика е тесно поврзана со останатите макроекономски и финансиски политики, што првенствено се однесува на монетарната политика, микропрудентната политика, политиките за управувањето со кризи и решавање на финансиски институции со проблеми во работењето и фискалната политика.** Секоја од овие политики, во доменот на своите надлежности, може да влијае врз основната цел на макропрудентната политика за одржување на финансиската стабилност, исто како што и преземените макропрудентни мерки може да придонесат за намалување на нерамнотежите во другите сектори и остварување на останатите макроекономски цели. Ваквата меѓузависност на одделните политики јасно ја нагласува неопходноста од нивна меѓусебна координација заради успешно остварување на макроекономските цели. Во одредени случаи економијата може да се соочи со сложени ризици што може да доведат до спротивставеност на различните цели на политиките на краток рок. Ова уште повеќе ја нагласува потребата од координиран пристап во делувањето на сите засегнати страни што ќе обезбеди ефикасно надминување на краткорочните нерамнотежи и одржување на долгорочната финансиска и макроекономска стабилност, како основа за одржлив економски раст. **При спроведувањето на макропрудентната политика, надлежните органи настојуваат да обезбедат ефикасна соработка и усогласеност со останатите политики, со преземање активности на институционално, национално и меѓународно ниво.**

**На институционално ниво**, надлежните органи настојуваат да обезбедат највисок степен на усогласеност помеѓу одделните надлежности и функции што ги извршуваат во согласност со законските овластувања.

**На национално ниво**, надлежните органи ќе продолжат да остваруваат високо ниво на соработка и размена на информации и податоци што се потребни за извршување на задачите од Законот за финансиска стабилност.

**На меѓународно ниво**, надлежните органи ќе продолжат да преземаат активности за натамошно унапредување на соработката со супервизорски органи и органи надлежни за спроведување на макропрудентните политики од други земји. Согласно со сопственичката структура на домашниот финансиски систем, во којашто преовладуваат странски акционери со потекло од земјите-членки на Европската Унија, активностите на надлежните органи главно ќе бидат насочени кон зајакнување на меѓународната соработка со макропрудентните власти и супервизорските органи од Европската Унија. Нивото на соработка се очекува да се продлабочува со процесот на интегрирање на македонската економија во Европската Унија што ќе создаде дополнителни права и обврски за двете страни.